З А П И С Н И К
од Осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 4 јуни 2025 година

Скопје, јуни 2025 година

З А П И С Н И К
од Осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 4 јуни 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 11:25 часот.

Со седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, членовите на Владата, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваа и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за надворешни работи и надворешна трговија, проф.д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Јовица Андоновски, заменик на министерот за здравство и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата учествува и Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, портпароли на Владата.

На седницата учествуваше и Лазо Узунчев, директор на АД Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*          *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки на Дневниот ред Владата ги донесе следните заклучоци:

**Точка 1**

Владата во врска со потребата за одредување цена на електрична енергија, која ќе биде понудена на универзалниот снабдувач за период јули-декември 2025 година, врз основа на подготвена и усно презентирана анализа за финансиското работење на АД Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, заклучи:

1. Акционерското друштво Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во постапката за набавка на електрична енергија да понуди цена на универзалниот снабдувач во висина од 62 евра за MWh за 100 % од потребите на универзалниот снабдувач за период од 1 јули 2025 година до 31 декември 2025 година.

2. Владата на Република Северна Македонија се обврзува да изнајде начин да ја надомести разликата помеѓу производната цена на електрична енергија од АД ЕСМ Скопје и цената на електрична енергија што ја одреди Владата на Република Северна Македонија, со која АД ЕСМ Скопје ќе настапи со понуда на 100 % од вкупните потреби на универзалниот снабдувач за период јули-декември 2025 година, за да АД ЕСМ, Скопје може сигурно, стабилно и континуирано да продолжи да ги снабдува потрошувачите со електрична енергија и да обезбеди финансиска стабилност за тековно работење на компанијата.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:40 часот.